ЈКП КОМУНАЛЕЦ
Арх.бр.**03-1286/1**
21.07.2022г.
Прилеп

Јавно комунално претпријатие
**ЈКП КОМУНАЛЕЦ-ПРИЛЕП**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 година

**ЈУЛИ,2022 год.**

# ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА НА ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ во 2022 год. на ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП

Во ова тромесечие од 2022г. ЈКП Комуналец Прилеп финансиски покажува **загуба од -2.689.335,00** денари по основ на спротивставување на приходите и расходите според сметководствените финансиски податоци за период од 01.04.2022год. до 30.06.2022год.

**<u>А. Приходи</u>**

Вкупните фактурирани приходи за ова тромесечие изнесуваат **53.640.887,00** денари, од кои најголем дел 53.275.418,00 ден.односно околу 99%, се приходи од услуги на домашен пазар, а само 1% се приходи од кирии и камати. Од вкупните приходи остварени во вториот квартал во 2022г. , најголем процент од 58% зема секторот за подигање и селектирање на отпад, секторот за одржување на ЈПП е 34% од вкупниот приход, а додека приходите од секторот за одржување на гробиштата се со процент од околу 7%, останатиот дел на приходи се приходи од камати, кирии и останати финансиски приходи.

**Споредба на приходите**

Вкупните приходи по синтетика за 2-от квартал од 2022г.споредени со вкупните приходи од 2-от квартал од 2021г. прикажани се во следната табела бр.1:

Табела бр.1 : Приходи споредени 2 квартал од 2022 со 2квартал од 2021-синтетика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **конто** | **Опис На приход** | **Втор квартал 2022** | **Втор квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 740 | Приходи од услуги | 53.275.418,00 | 51.619.683,50 | 1.655.734,50 | 3,2% |
| 747 | Приходи од кирии | 23.853,00 | 567.000,00 | | |
| 774 | Приходи од камати | 235.972,00 | 341.652,00 | -105.680,00 | -31,0% |
| 779 | Останати приходи | 105.644,00 | 36.366,00 | 69.278,00 | |
| **Вкупно приходи** | | **53.640.887,00** | **52.564.701,50** | 1.076.185,50 | 2,0% |

Од прикажаните податоци во аналитика во доставените материјали,позначајна разлика во приходите се согледува во следните ставки:

-**синтетичко конто 740-22**- приходи од хартија , зголемена цена, на пр.на 30.06.2022г. изнесува 8,6 денари, додека на 30.06.2021 г. изнесувала 4,7 денари;

-**синтетичко конто 740-37**- приходи од ЈПП паркови по програма за 2022г.

-**синтетичко конто 740-46**- приходи од работа со механизација за чистење на диви депонии.

-**синтетичко конто 747-1-** приходи од кирии од Терминал поради стопирано фактурирање према Терминал по основ на закупи со одлука на Управен одбор .

**Како краен резултат ,приходите од двата разгледувани квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 2% или 1.076.185,50 ден.**

График бр.1 според табела бр.1




**<u>Б.Трошоци</u>**

Вкупните трошоци за второто тромесечие од 2022г. изнесуваат **56.330.222,00**денари,од кои :

*72% односно 40.709.006,00 ден. за бруто платата исплатена на 389 вработени, и тоа со 30.06.2022г или

-356 вработени во ЈКП Комуналец Прилеп ( 388 на 30.06.2021г.)

- 33 вработени преку Агенција за привремени вработувања (15 на 30.06.2021г.)

*6% или 3.546.985,00 ден. за надоместоци за вработените;

*7% односно 4.105.218,00 ден. за потрошена енергија ;

*3% односно 1.901.043,00 ден.за потрошени суровини, материјали;

*4% или 2.080.650,00 ден. за потрошени резервни делови,отпис на автогуми и извршени услуги за одржување и заштита;

*1% или 631.285,00 ден. за услуги;

*7% за сите други останати трошоци.

**Споредба на трошоците**

Во аналитиката на трошоците во доставените материјали,позначајна разлика се согледуваат во ставките прикажани во следната табела бр.2:

Табела бр.2 : Поголеми разлики во трошоците споредени 2 квартал од 2022 со 2 квартал од 2021-аналитика

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конто** | **Опис на трошок** | **Втор квартал 2022** | **Втор квартал 2021** | **Разлика 3-4** | **Разлика 5 во %** |
| 402-1 | Потрошена ел. енергија | 746.457,00 | 259.484,00 | 486.973,00 | 188 |
| 402-4 | Потрошена нафта | 2.513.772,00 | 1.596.453,50 | 917.318,50 | 57 |
| 419-22 | Плата преку АПВ | 2.757.559,00 | 1.012.403,00 | 1.745.156,00 | |
| 420-1 | Вкалкулир. плати | 37.951.447,00 | 35.431.476,00 | 2.519.971,00 | |

Објаснување на податоците во табела бр.2 :

***402-1** Потрошена ел. енергија - во 2022 година зголемена цената на потрошената електрична енергија ;

***402-4** Потрошена нафта , зголемената цена на нафтата во овој квартал од 52,54 ден. на 93,22 оваа година без ДДВ;

***419-22** Плати на вработени преку Агенција за привремени вработувања – во јануари 2021 година беа превземени вработените од АПВ во ЈКП Комуналец Прилеп;

***420-1** Вкалкулирани плати- зголемување на бруто платата од следните причини:

-зголемувањето на минималната плата до 18.000,00 нето плата од март 2022г. ,
-исплатата на вработените за работа во недела од јануари 2022г.,
-зголемениот бод од 51,24 во квартал од 2021г.на 53,9 во првиот квартал од 2022г.

Цената на сите услуги , суровини и материјали се енормно зголемени оваа година на ниво на цела држава, предизвикани од глобални причини во цел свет.

**Вкупните трошоци од двата втори квартали од 2022г. и 2021г. се разликуваат за 6,5% или за 3.447.207,50 ден.**




График бр.2 според табела бр.2

**В. Набавка на основни средства**

Во период од 01.04.2022г. до 30.06.2022г. се набавени основни средства со вкупна вредност од **321.718,50** денари.

Набавени се 5 моторни грбни косилки, мешалка за бетон, моторна пила,дрвена куќарка за во парк кај Основен суд Прилеп.

**Г. Побарувања од купувачи и поврзани субјекти**

Табела бр. 3 Побарувањата на парични средства

| | опис | 30.06.2022г. | 31.03.2022г. |
|---|---|---|---|
| 110 | Побарув. од поврзани субјекти-ВИК | 1.790.075,00 | 1.670.877,50 |
| 112 | Побарув. од поврзани субјекти -ТЕР | 840.013,00 | 455.013,00 |
| 120 | Побарув.од купувачи | 129.684.622,00 | 125.962.038,00 |
| | **Вкупно:110 + 120** | **132.314.710,00** | **128.087.928,50** |

➢ **Побарување од поврзани субјекти**:

1. **ДООЕЛ Терминал-Комуналец - 455.013,00** денари дадена позајмица за покривање на трошоци за неплатени сметки за електрична енергија, ДДВ и за дел од бруто плата.

2. **ЈКП Водовод и канализација – 1.670.877,50** денари, наследени побарувања по Делбен биланс од 2004г.

## Д. Краткорочни и долгорочни обврски

➢ **Обврски према добавувачи**:

Табела бр. 5

| | опис | Салдо на 30.06.2022г. | Салдо на 31.03.2022г. |
|---|---|---|---|
| 220 | Добавувачи во земјата | **18.509.055,00** | **16.720.560,00** |

График бр. 3 според табела бр.5



- **Обврски према државата:**

1. **ДДВ – 1.158.225,00ден** исплатено во период од 01.04.2022г. до 30.06.2022г. за редовното ДДВ ,

2. **Репрограмирано ДДВ –**
   **-** 31.996.040,50 ден. вкупен износ на репрограмирано ДДВ
   - 150.000,00ден.исплатено во период од 01.01.2022г. до 31.03.2022г.
   - **150.000,00**ден.исплатено во период од 01.04.2022г. до 30.06.2022г.
   - 8.976.680,00ден.исплатено во период од 01.03.2013г. до 31.12.2021г.
   -22.719.360,00 ден.-остаток од главниот долг со краен рок до15.02.2023 г.

**3.Данок од добивка –**
- **322.251,00** ден. исплатено за аконтации за данок од добивка во период од 01.04.2022г. до 30.06.2022г.

- **Обврски према вработените:**

1. **Новогодишен надомест за 2021г. - 3.278.373,00** ден. исплатено три рати од вкупно 6 **,** останува уште 1 рати во износ од 1.213.416,00 ден.
2. **Јубилејни награди - 195.928,00** ден. исплатено за јубилејни награди стекнати во овој период од 2022година,
3. **Регрес за годишен одмор за 2021г**.- **4.907.894,00 ден.** со чија исплата ќе се почни откако ќе се доисплати новогодишниот надомест за 2021г. ,

- **Обврски према поврзани субјекти:**

1. **Локална Самоуправа Прилеп- 14.863.672,00**ден. неисплатена обврска
   - **9.757.112,00** ден. обврска до 31.12.2021год.
   - **5.106.560,00** ден. обврска од 01.01.2022г. до 30.06.2022г.

**<u>Ѓ. Располагање со парични средства:</u>**

На 30.06.2022 година вкупните парични средства на сите жиро сметки изнесуваат 3.030.956,50 денари ,

**1.денарски жиро сметки** - **220.288,50** денари,
**2.девизна жиро сметки** - **349.267,00** денари, во денарска противредност.

Со 30.06.2022г. ЈКП Комуналец Прилеп нема задолжување по основ на кредити и заеми од земјата и странство, сите сметки се активни и работи со месечен лимит по Решение ППНИ бр.6/22.

**<u>Е. Организациона поставеност во ЈКП Комуналец Прилеп :</u>**

Вработени во ЈКП Комуналец Прилеп на 31.03.2022г. и 30.06.2022г. по сектори :

| | | 2022 г 31.03. | 2021 г 30.06. |
|---|---|---|---|
| **- Директор** | = | **1** | **1** |
| **- Раководство** | = | **8** | **8** |
| **- Сектор за општи и правни работи** | = | **25** | **23** |
| **- Сектор за финансиско работење** | = | **35** | **33** |
| **- Сектор за подигање , транспорт и депон. на отпад** | = | **127** | **121** |
| **- Сектор за ЈПП** | = | **121** | **114** |
| **- Сектор за одржување на градски гробишта** | = | **55** | **52** |
| **- Шинтерска служба** | = | **4** | **4** |
| **Вкупно вработени во ЈКП Прилеп :** | | **376** | **356** |
| Агенција за привремени вработувања: | | **23** | **33** |
| **Вкупно во ЈКП Прилеп со АПВ:** | | **399** | **389** |

**Напомена:**

**Алармантно ја повторуваме опомената од минатиот квартален извештај:**

Финансиската ситуација во ЈП која е прикажана во овој квартал од 2022г. јасно укажува на неопходна промена на цените на услугите кои ги дава ова претпријатие . Сите финансиски турбуленции на ниво на целата држава како:

- покачувањата на минималната плата на 18.000,00 денари
- зголемување на цената на електричната енергија
- исплатата на вработените за работа во недела
- нестабилност на цената на нафтата и бензинот
- зголемување на цените на сите набавени средства и услуги

имаат големо влијание за доведување во ваква финансиска ситуација на Јавното претпријатие, па затоа мора да се изнајде брзо финансиско решение за да има непречено и квалитетно работење.

Изработил:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрил:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

21.07.2022г.

Финансиски извештај за второ тромесечие од 2022г.

**Е. Организациона поставеност во ЈКП Комуналец Прилеп :**

Вработени во ЈКП Комуналец Прилеп на 31.03.2022г. и 30.06.2022г. по сектори :

| | | 2022 г 31.03. | 2021 г 30.06. |
|---|---|---|---|
| **- Директор** | = | 1 | 1 |
| **- Раководство** | = | 8 | 8 |
| **- Сектор за општи и правни работи** | = | 25 | 23 |
| **- Сектор за финансиско работење** | = | 35 | 33 |
| **- Сектор за подигање , транспорт и депон. на отпад** | = | 127 | 121 |
| **- Сектор за ЈПП** | = | 121 | 114 |
| **- Сектор за одржување на градски гробишта** | = | 55 | 52 |
| **- Шинтерска служба** | = | 4 | 4 |
| **Вкупно вработени во ЈКП Прилеп :** | | 376 | 356 |
| Агенција за привремени вработувања: | | 23 | 33 |
| **Вкупно во ЈКП Прилеп со АПВ:** | | 399 | 389 |

**Напомена:**

**Алармантно ја повторуваме опомената од минатиот квартален извештај:**

Финансиската ситуација во ЈП која е прикажана во овој квартал од 2022г. јасно укажува на неопходна промена на цените на услугите кои ги дава ова претпријатие . Сите финансиски турбуленции на ниво на целата држава како:

- покачувањата на минималната плата на 18.000,00 денари
- зголемување на цената на електричната енергија
- исплатата на вработените за работа во недела
- нестабилност на цената на нафтата и бензинот
- зголемување на цените на сите набавени средства и услуги

имаат големо влијание за доведување во ваква финансиска ситуација на Јавното претпријатие, па затоа мора да се изнајде брзо финансиско решение за да има непречено и квалитетно работење.

Изработил:
Рак.на Сектор за Финанс.работење
СнежанаТрумпеска

Одобрил:
Пом.директор за екон.и правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник:
**Директор:**
**Рубинчо Абрашоски**

21.07.2022г.